Бр./Nr 08-1315/12

09-12-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 42-тата седница одржана на ден 27.11.2020 година донесе

***Одлука***

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ______________, претседател на __________________ СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-1315/1 од 22.02.2020 година.

Предметот со број 08-1315/1 од 22.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-1315/1 од 22.02.2020 година е оформен по сопствена иницијатива, а врз основа на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2020 година.

ДКСК, од именуваниот побара податоци за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

Од страна на именуваниот беа доставени бараните податоци.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на __________________ и членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК исто така побара информација од Судскиот Совет за тоа кога ________________ е избран за претседател на ____________________. Од страна на Судскиот Совет е доставено известување дека именуваната е избрана на 23.11.2017 година.

ДКСК утврди дека именуваниот има поднесено анкетен лист за ибор на судија на _______________ но не и по избор за претседател на истиот суд.

ДКСК, констатира дека за сторениот прекршок за неподнесување анкетен лист по избор за претседател на ___________________________ е настаната застареност за поведување и водење прекршочна постапка согласно Законот за прекршоците.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од наведените институции како и податоците од анкетниот лист поднесен од страна на именуваниот по избор за судија констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: А.Ч., советник
Одобрил: Б.И., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**